ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

- Соопштение за медиуми-

Скопје, 18.06.2024 година

# Исплатени 2.8 милијарди денари за паричен надоместок на невработените лица и за активни мерки за вработување

*Во 2022 година од вкупните расходи на Агенцијата исплатени се 42,62% за остварување на правата од паричен надоместок и 43% за активни мерки за вработување*

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на **Агенција за вработување на Република Северна Македонија за 2022 година.**

Со извршената ревизија за 2022 година изразено **е неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставените политики.**

Со спроведената ревизија ревизорите утврдиле:

Паричен надоместок

Исплатата на средства за **паричен надоместок во случај на невработеност во 2022 година се во висина од 1.407.710 илјади денари, што претставува 42,62% од вкупните расходи на АВРСМ**, и во однос на 2021 година исплатениот износ бележи **намалување за 116.247 илјади денари.**

Трендот на исплатените средства за паричен надоместок за периодот од 2019-2022 година по основ на стекнато право се презентирани на следниот графички приказ:






ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

Со проверка на функционирањето на постапката за остварување на право на паричен надоместок на избран примерок на предмети за 2022 година ревизорите утврдиле дека кај дел од анализираните предмети документацијата е некомплетна, а дел од документацијата се обезбеува или се изготвува по истекот на законски утврдениот рок.

Активни мерки за вработување

За реализација на вкупно **14 програми и мерки за вработување** предвидени со Оперативниот план во 2022 година **исплатени се вкупно 1.420.003 илјади денари односно 43% од вкупните расходи на АВРСМ** . Овој износ бележи зголемување во однос на 2020 и 2021 година и тоа за 148.902 илјади денари во однос на 2020 година, или во однос на вкупните расходи на АВРСМ за овој период се јавува зголемување од 4%.

Распределбата на расходите по програми и мерки е прикажана во следниот графички приказ:




Со анализа на поединечните мерки ревизорите утврдиле дека **за три мерки – Субвенционирање на плати, Вработување и раст на правни субјекти и Практикантство** за кои е исплатен вкупен износ од **468.126 илјади денари** во ОУ[1] и ОП[2] не се вклучени одредби врз основа на кои ќе се изработат ранг листи на лица на кои ќе им бидат одобрени средства и лица кои ќе бидат одбиени во случај на поголем број на пријавени кандидати при што усвоена е пракса за одобрување на апликациите по принцип прв пристигнат прв услужен.

При **распределбата на средства** ревизорите утврдиле дека **не е почитуван принципот на рамномерен регионален развој на осумте плански региони** на начин на кој е дефиниран во ОУ и ОП. Притоа за дел од планските региони се исплаќа повисок износ на средства во однос на утврдените проценти за учество во Одлуката за класификација на планските региони според степенот на

[1] Оперативни упатства
[2] Оперативен план

развиеноста. Повисок износ е исплатен кај скопскиот плански регион и планските региони во западниот дел од земјата при што во поедини случаи надминувањето е и двапати поголемо, додека за планските региони од централниот и источниот дел на земјата е исплатен понизок износ од утврдената квота со одлуката.

Во делот на административното работење на АВРСМ ревизорите утврдиле:

- **слабости во делот на пописот на опремата** и усогласување со податоците во сметководствената евиденција со фактичка состојба во однос на сметководствената евиденција на залихата на материјали;
- **не воспоставен контролен механизам за следење на побарувањата по основ на остварените приходи од неуплатен придонес за вработување** и невоспоставена меѓу институционална комуникација за евиденција на пресметана обврска за уплата на сите обврзници
- **исплата на додаток на плата заради зголемен обем на работа за кој не постои соодветен законски основ** и без утврдени критериуми за избор на вработените лица кои го добиваат овој додаток;
- ангажман на лица вработени на определено време за вршење на редовни работни задачи при што се надминуваат и временските лимити за нивни ангажман;
- интерните контроли во врска користење на средствата доделени за активните мерки за вработување се слаби, при што кај поедини ЦВ не се врши проверка и одобрување од страна на одговорните лица на доставените про-фактури и фактури кои се однесуваат за набавките на материјал/опрема услуги и изградба, дел од средствата се ненаменски потрошени за набавки кои не се поврзани со доставените бизнис планови на корисниците на средствата.

Во делот на Останати прашања ревизорите меѓу другото ги истакнуваат прашањата поврзани со утврдените состојби во делот на: недоречености во делот на правната рамка која обезбедува услови за остварување на правата од ПН кои придонесуваат за не воедначена примена во пракса, кои се однесуваат на начинот на пресметка на висината на ПН при работа со неполно работно време и на условите за престанок на правото на ПН.

Прес контакт:
Албиона Мустафа Мухаџири +389 72228 203 albiona.mustafa@dzr.gov.mk
Мијалче Дургутов +389 70 358 486 mijalce.durgutov@dzr.gov.mk
Мартин Дувњак +389 75 268 517 martin.duvnjak@dzr.gov.mk